Митко Б. ПАНОВ
Институт за
национална историја
Скопјр

УДК 94 (497.7) “969/1014“

# САМУИЛОВАТА ДРЖАВА ВО ВОЕНАТА И ДУХОВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЈОВАН ГЕОМЕТАР

Јован Геометар (935/40 – ок. 1000) се смета за еден од водечките ретори во втората половина на X век. Високиот интелект и аристократско потекло му овозможиле на Геометар уште од рана возраст да се истакне со својата реторска вештина и да напредува во дворската хиерархија. Геометровиот поетски израз, придружен со доминантната глорификација на императорот Никифор Фока, упатува на тоа дека тој бил официјален поет на византискиот двор уште во периодот 963–969 година. Акцентирањето на сопствените воени достигнувања и големите лични жртвувања за Империјата, кое провејува во повеќето негови поеми, имплицира дека професијата на Геометар бил воениот ангажман. Извесно е дека тој бил на висока воена функција од доцните 50-ти години од X век, најверојатно стекнувајќи се со почесната титула *protospatharios* од Никифор Фока.[1] Во 985 година, или веднаш потоа, од Василиј II го разрешил Геометар од активната воена функција најверојатно поради неговата наклонетост кон регентството на Василиј Нотос, кој бил *parakoimomenos* на императорскиот двор од 976 година[2] Во 985/6 година следувало повлекување на Геометар во манастирот Кир, посветен на св. Богородица, каде што останал до крајот на својот

[1] F. Scheidweiler, „Studien zu Johannes Geometres“, *BZ* 45 (1952), 300–319; M. D. Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, *Byzantion* 68 (1998), 356–380; M. D. Lauxtermann,, *Byzantine Poetry from Pisides to Geometres: Texts and Contexts*, Volume 1 (Wien: Verlag der Österreichischen Akademie der Wissenschaften, 2003); E. M. van Opstall, *Jean Géomètre, poèmes en hexamètres et en distiques élégiaques: Edition, commentaire, traduction,* The Medieval Mediterranean, vol. 75 (Brill: Leiden, 2008).
[2] Lauxmann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 364-371.

живот.[3] Датумот на неговата смрт не може со сигурност да се утврди, иако истражувачкиот консензус е дека Геометар го завршил животот околу 1000 година.[4]

Самиот карактер на Геометар, чиј несомнен интелект се манифестирал како во воената служба и така и преку поетската дејност, може да послужи за одгатнување на историскиот контекст во неговиот сложен реторички израз. Независно од хронолошката непрецизност и тешкотијата во декодирањето на историскиот контекст, поемите на Геометар претставуваат исклучително важен извор за Самуиловата држава, особено поради фактот што Самуиловата држава е презентирана низ светогледот на висок воен службеник и дворски поет, кој ја рефлектира современата претстава на политичкиот и на религискиот естаблишмент во Константинопол. Компаративната анализа на поемите покажува дека Геометар ја перцепирал Самуиловата држава како главен непријател на Западот, идентификувајќи ја со класичните термини *Мизи* или *Скити*. На тој начин тој ја споделува типичната византиска репрезентација во втората половина на X век, практикувана и од Лав Ѓакон. Во долгата поема *За востанието*, Геометар, меѓу другото, пишува:

> „Има ли зборови кои ќе објаснат што се случило на Западот!? Војската на Скитите поминува преку него и кружи како низ своја татковина. Земјата што раѓа благородни изданоци, луѓе бестрашни и челични, тие во корен ја сосекуваат и мечот го одделува нејакиот пород: едно дете останува кај мајката, а другото непријателот го одведува со силата на оружјето. Порано моќните градови – сега се прашина ситна. Гледајќи ги коњските штали на местото на коешто беа населбите на луѓето, леле, како да се воздржам од солзите. Така во оган пропаѓаат земјите и населбите, а ти граду – царица, средиште на Византија, кажи ми во каква судбина си потпаднал. Град, којшто стоиш на прво место по несреќа, колку порано си се гордеел со просперитет... Но преблаг збор, погледни ме со милостиво око, прекрати ги заемно истребувачките колежи,

---

[3] J. Sajdak, „Que signifie Κυριώτης Γεωμέτρης?“, *Byzantion* 6 (1931) 343–352; Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 371-373.

[4] Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 373; Lauxtermann, *Byzantine Poetry from Pisides to Geometres*, 289, n. 10. Во ова делоавтор се определува 997 година како *terminus post quem* за компилацијата на колекцијата на неговите поеми. Како основа за ваквото датирање, тој ја зема последната поема која ја поврзува со царската титула на Самуил. Исто и: Emilie Marlène van Opstall, *Jean Géomètre*, 14. Меѓутоа, ваквата хронологија е мошне несигурна и се заснова на датирањето на царската титула на Самуил.

одвлекување во заробеништво, востанија, бегства, прогонства, насилства, смртни казни, судења...“[5]

Со намера да ја презентира влошената општа состојба во Византија во периодот на владеењето на Василиј II, Геометар во поемата како главни непријатели ги означува „Скитите“, односно Самуиловата војска, акцентирајќи ги страотните пустошења, убиства, одведување во заробеништво и пропаст на населби. Притоа, забележлива е неговата тенденција за демонстрирањето на припадност на територијата подложена на опустошувачките непријателски продори, што било во согласност со византиската империјална идеологија. Самуиловата војска е таа што кружи на територијата, како на „нивна татковина“, убивајќи го византиското население. Симболиката на земјата што раѓа изданоци сосема јасно ја асоцира опасноста од губење на територијата која природно ѝ припаѓала на Византија. Во тој контекст, евидентна е критиката упатена кон Константинопол, која Геометар ја изразува во преносна смисла, насочувајќи го, всушност, своето несогласување со политиката на византискиот естаблишмент во престолнината.

На овој начин тој, всушност, настојува да ја прикаже немоќта на Василиј II како репрезент на врховната власт во спречувањето на опустошувачките продори на Западот, кои ѝ причиниле огромни штети на Империјата. Во таа смисла, разбирливо е зошто Геометар на самиот крај од поемата не го повикува императорот, туку самиот Христос да му помогне на Константинопол, кој, како престолнина, всушност, ја симболизира самата Империја: „Такви зборови испраќа кон тебе твојот град, градот кој е твој. Ти, којшто гледаш, не отфрлај го погледот од длабоките зла. До кога навистина ќе ни бидат маките?“[6] Според поимањето на Геометар, само Христос можел да стави крај на очајната состојба во кои се нашла Империјата, што било резултат на несоодветното владеење на Василиј II и на неговите воени команданти. Оттаму, поемата најверојатно го одразува историскиот контекст на граѓанската војна помеѓу Василиј II и Варда Фока во 987–989 година, во која биле вмешани и Русите на страна на византискиот император. Гледано од перспектива на Самуиловата држава, користејќи ја зафатеноста на Василиј II со граѓанската војна, Самуил, по триумфалната победа кај Трајановата порта во 986 година, можел непречено да ја реализира својата воена агенда, како резултат на што „скитската војска“ кружела „како низ своја татковина“. Потврда за

[5] J. A. Cramer, *Anecdota Graeca e Codd. Manuscriptis Bibliothecae Regiae Parisiensis*, *IV* (Oxford: Oxford University Press, 1841), 282.
[6] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 271-273.

ваквата хронолошка рамка е реторскиот израз на Геометар, во кој преовладува критиката на власта во Константинопол, со повикување на самиот Христос на помош, што кореспондира со новото дејствување во духовната монашка средина по 985/6 година.

Алудирањето на конкретните офанзивни продори на Самуил, со истоветна тенденција за демонстрирање на империјалната територијална припадност, може да се забележи и во поемата на Геометар *За грабежот на Ивиријците*.[7]

> „Не скитискиот оган, туку иверискoто насилство сега го турка Западот против Истокот. Тоа [го означуваа] земјотресите, а македонската земја го покажа блесокот на новоизгреаните ѕвезди. Зошто напразно ги прекоруваш Скитите кога гледаш дека твоите пријатели и сојузници ги прават истите нешта“.[8]

Поблискиот хронолошко определување на историскиот контекст содржан во оваа поема е овозможено со посочувањето на природните феномени. Силниот земјотрес што ја потресол престолнината, како и „блесокот на новоизгреаната ѕвезда“, односно појавата на Халеевата комета, се изворно регистрирани во 989 година. Ваквата хронологија коинцидира со граѓанската војна иницирана од Варда Фока, во која биле инволвирани и иверискиte (грузиските) трупи. Контекстот на поемата евидентно е фокусиран на непријателската Самуилова војска, којашто е означена со терминиот „Скити“, од чиишто офанзивни продори „македонската земја“ била подложена на „скитски оган“.

Притоа, забележлива е географско-етнонимската диференција-ција на Јован Геометар на „македонската земја“ од непријателските војски „Скити“. „Пријателите“ во поемата би претставувале асоци-јација за Византијците, односно за императорскиот естаблишмент во Константинопол. Доколку се прифати ваквиот историски контекст, Геометар во преносна смисла повторно алудирал на неспособноста на императорот Василиј II да се справи со сериозните предизвици од офанзивните продори на Самуиловата војска во Македонија, како и со граѓанската војна на истокот. Гледано од оваа перпектива, станува јасен неговиот критички тон и преносна мисла за залудните обвинувања од „македонската земја“ упатени кон непријателите „Скити“. Текстуалната контекстуализација на Геометар ја илустрира тенденцијата за прикажување на очајната состојба во која се нашол „Западот“ причинета од воената неспособност на Василиј II и на неговите воени функционери, чијашто одговорност била заштитата на

[7] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282.
[8] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282.

„македонската земја“. Со други зборови, жителите на „македонската земја“ се тие што залудно ја обвинуваат Самуиловата војска – „Скитите“, а, всушност, вистинскиот виновник се „пријателите“ – византиската војска, поточно воените генерали и самиот император Василиј II.

Дека ваквата реконструкција одговара на контекстот и на мислата на Јован Геометар, покажува и компарацијата со другите поеми во кои е содржана суптилната критичка реторика кон Василиј II, кои хронолошки коинцидираат со неговото разрешување од воената функција во 985/6 г. Впрочем, историскиот контекст содржан во современите изворни сведоштва ја потврдува дефанзивната позиција на Василиј II причинета од неговата зафатеност со граѓанската војна на истокот, во која учествувале и „сојузниците“ – ивериските трупи. Оттаму, Јован Геометар, всушност, со поемата истапува со критика кон византискиот воен и политички естаблишмент одговорен за исклучително негативните состојби во Македонија кои биле последица од експанзијата на Самуиловата држава и се заканувале со целосно губење на територијата. Пораката е јасна – „македонската земја“ наместо да ја обвинува Самуиловата војска за влошената состојба, критиката треба да ја адресира кон сопствените „пријатели“ како одговорни за нејзината безбедност. Доколку се вистински генерали, тие треба самите да се справат со непријателот, како што би го сторил тоа Геометар кога бил на функција. Оттаму, поемата е своевидна манифестација на огорченоста на доскорешниот воин и неспорен патриот, кој останува немоќен да го даде сопствениот придонес на воеcivилното поле. Директното лично учество во справувањето со воените предизвици, Геометар го заменува со поетскиот збор, ставајќи се себеси во преносна смисла во директен дијалог со „македонската земја“, како што би го правел тоа доколку бил на воената функција.

Уште поостар критичен тон на Јован Геометар во контекст на неуспесите на Византија во справувањето со Самуиловата држава може да се забележи во поемата *За поразот на Римјаните кај бугарскиот теснец*, составена веројатно кон крајот на 80-тите години од X век:

> „Не би помислил, дури и сонцето да се помести, дека мизиските стрели ќе бидат посилни од авзонските копја. Пропаднете дрвја, злокобни планини. Пропаднете, мрачни планини! Пропаднете, недостапни пештери, таму каде што лавот трепери од средбата со срните! Сонце, скриј ја под земјата со злато блескавата кочија и кажи ѝ на великата душа на кесарот: Истарот го грабна венецот на Рим. Земи го бргу

оружјето, зашто мизиските стрели се посилни од авзонските копја“.[9]

Многу е веројатно дека овој пасус претставува алузија на состојбите поврзани со офанзивните воени дејства на Самуиловата војска кои резултирале со понижувачкиот пораз на Василиј II во битката кај Трајановата порта во 986 година. Геометар контекстуално сосема јасно ги посочува Василиј II и неговите команданти како главни виновници за катастрофалниот пораз, иако внимателно го избегнува именувањето на императорот. Тој евидентно настојува да ја долови сликата дека како последица од губењето на битката, византиската империјална доминација и супериорност, симболизирана преку лавот – императорот, била заменета со неговото треперење од соочувањето со непријателите – срните. Губењето на инсигниите при бегството на Василиј II, за што пишува Геометровиот современик Лав Ѓакон, во случајот симболично е претставено со грабнувањето на „венецот на Рим“, со што му се дава дополнителна острина на реторскиот израз во демонстрирањето на срамниот пораз на византискиот император. Имајќи го предвид ваквиот контекст, логично произлегува повикувањето на „непобедливиот“ император Никифор Фока да посегне по оружјето и да го порази Самуил, бидејќи актуелниот император не е способен да го стори тоа, бидејќи е совладан од „мизиските стрели“ и стравува од ново директно соочување.

Поемата содржи уште еден момент што може да ја долови перспективата на Геометар. Забележлива е тенденцијата на Геометар за конкретно географско лоцирање на самата битка, што е содржано во самиот наслов на поемата. Ваквата тенденција би можела да се очекува за некој воено опитен каков што бил Геометар, кој несомнено бил запознаен со воената стратегија која изискувала и познавање на географијата. Злокобните и мрачни планини се токму оние теснеци што воделе преку византиската територија кон градот Сердика, кој бил под контрола на непријателските војски. Контекстот кореспондира со описот на Лав Ѓакон, кој ја презентира катастрофата од „скитскиот меч“ и повлекувањето од „мизискиот“ напад преку „непреодните планини“ на римска територија.[10] Во таа смисла, употребата на

[9] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 296.

[10] *Leo the Deacon: The History of Leo the Deacon: Byzantine Military Expansion in the Tenth Century,* Introduction, translation, and annotations by A. M. Talbot and D. Sullivan, with the assistance of G. T. Dennis and S. McGrath (Washington, DC: Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2005), X.8, 10, p. 213-217.

терминот *бугарски* во самиот наслов на поемата несомнено ја рефлектира просторната мисла на Геометар при лоцирањето на битката доловена во конкретниот момент. Геометар со „бугарските теснеци" всушност ја асоцира територијата на ликвидираната бугарска држава, каде што Византија имала контрола, разграничувајќи ја, притоа, од територијата контролирана од Самуиловата држава. Споменувањето на „Истарот", односно на реката Дунав, во многу потсетува на географскиот контекст на Лав Ѓакон за територијалниот опсег на римскиот посед. Лав Ѓакон, враќајќи ја римската меморија, потенцира дека императорот Јустинијан II им ја доделил на Бугарите „земјата со која Истар граничи внатре во Македонија", алудирајќи на историскиот легитимитет и припадност на Византија.[11]

Во таа смисла, упатувањето на „Истар" би можело да претставува класичен реторски стил како алузија на цивилизациската граница со варварите, која Византија ја повратила со триумфалната победа во 971 година. Тоа што Геометар претендирал да го презентира, всушност е тоа дека по битката кај Трајановата порта била загрозена дунавската граница, а со тоа директно бил засегнат и самиот империјален „венец", односно империјалниот престиж на Константинопол. Станува збор за симболично проектирање на римската меморија во функција на демонстрирање на византиската империјална доминација преку упатувањето на припадноста на територијата сериозно загрозена од „Мизите", кои веќе можеле со своите стрели да посегнат кон Византија и кон самата престолнина Константинопол.[12] Ваквиот светоглед му одговара на еден воин како Геометар, кој ја споделува идеолошката матрица на Константинопол. Историскиот контекст несомнено одговара на реконструкцијата на ваквата концептуална претстава, со оглед на дека Самуиловата војска дури по 986 година ги

---

[11] Leo the Deacon, *History*, VI. 9 (ed. Talbot, Salivan, 129). За стереотипната перцепција на Римјаните во однос на варварите како продукт на дијалогот помеѓу самите себе во функција на демонстрирање на диференцијалната репрезентација во однос на „другите", види кај: G. Halsall, *Barbarian Migrations and the Roman West, 376–568* (Cambridge, 2007). За етницитетот во раниот среден век како „мерка за културна дистанца" помеѓу населението на Византиската Империја и варварите, види: F. Curta, *The Edinburgh History of the Greeks, c. 500 to 1050: The Early Middle Ages* (Edinburgh: Edinburgh University Press, 2011), 276-297.

[12] За тенденцијата на византиските автори за проектирање идеологија на географска сопственост во контекст на балканските групи во XI век, види: P. Stephenson, „Byzantine Conceptions of Otherness After the Annexation of Bulgaria (1018)", во: *Strangers to Themselves: The Byzantine Outsider,* ed. D. Smythe (Aldershot: Ashgate/Variorum, 2000) 253–256; A. Kaldellis, *Ethnography after Antiquity: Foreign Lands and Peoples in Byzantine Literature. Empire and after* (Philadelphia: University of Pennsylvania Press, 2013, 112-113.

насочила своите офанзивни продори во традиционалните земји на некогашната бугарска држава кон Дунав, кои претходно биле под контрола на Византија и триумфално извојувани од Јован Цимиски.

Независно какво значење ќе му се даде на контекстот на Геометар, сосема јасно е дека терминот *бугарски* во поемата не имплицира етнонимска класификација, туку географско определување на самата битка меѓу Василиј II и Самуил во функција на демонстрирање на империјалната територијална припадност. Етнонимската мисла на Јован Геометар, која ја споделуваат и неговите современици, јасно е одразена и во оваа поема со означувањето на непријателската Самуилова држава со класичниот етноним *Мизи*.

Етнонимот *Бугари* кај Геометар единствено може да се сретне во поемата *За Бугарите*:

> „Претходно, Тракијци, посакувавте да придобиете сојузници против Скитите, но сега сакате да ги придобиете Скитите како сојузници против вашите пријатели. Ликува и се весели бугарско племе, држи и носи скиптар, венец, пурпур и виолетова... (недостасува линија – б.н.)... и тој ќе ви ги симне облеките, во долг јарем ќе ви ги врами вратовите и нозете во окови. И по грбовите и стомаците многумина ќе удри. И затоа престанете да правите ’поделби‘ помеѓу себе и имајте храброст да се однесувате како луѓе и да бидете горди“.[13]

Содржинската комплексност на поемата, за што придонесува и присутното празно место во текстот, каде што веројатно треба да стои името на византискиот император, продуцира различни гледишта кај истражувачите, што ја засегнува и Геометровата етнонимска претстава. Една група истражувачи, доведувајќи ја поемата во релација со владеењето на Василиј II, укажуваат дека Јован Геометар ја имал предвид годината 989-та, кога византискиот император, соочувајќи се со сериозната опасност од војските на узурпаторот Варда Фока, стапил во сојуз со рускиот владетел Владимир, спасувајќи го на тој начин самиот Константинопол. Други истражувачи, пак, поистоветувајќи ги Тракијците со Бугарите, поемата ја доведуваат во контекст на настаните кои хронолошки се одвивале во 970[14] или во 986

[13] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd*, 282-283. Англискиот превод од Мајкл Џефрис (Michael Jeffreys) со објаснување за интерполациите на крајот од поемата, види го кај: Andrzej Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus': Byzantine-Russian Relations between 986-89“, *DOP* 30 (1976), 195-244.

[14] П. О. Карышковский, „К *истории балканских войн* Святослава“, *Византийский Временник* (1953), 224-243. Авторот смета дека во поемата Геометар, всушност, го пренесува византиското поимање на царувањето на Борис II, кое во Константинопол било перцепирано како „узурпација“. На истото посочува и Б. Ферјанчиќ во својот

година[15] Согледувајќи ја нелогичноста на демонстрирањето на царските инсигнии од „бугарското племе“ во 80-тите години од X век, некои истражувачи се определуваат и за 996/7 година како датум на настанување на поемата, доведувајќи ја во директна врска со прогласувањето на Самуил за цар.[16] Како и да е, во зависност од контекстуалната употреба на конкретната поема и нејзиното хронолошко дефинирање, за истражувачите, „Тракијците“ станираат или Византијци или Бугари, додека еквиваленција на „Скитите“ се „Русите“. Внимателната анализа на поемата сепак укажува на неколку недоследности во –модерната интерпретација, што го поставува на преден план клучниот аспект - различната идентификација на „Тракијците“ на кои Геометар, всушност, директно им се обраќа.

Истражувачите кои ја поврзуваат поемата со историските настани од 989 година, еквиваленцијата „Тракијци“ – „Византијци“ – „Константинопол“ ја објаснуваат со фактот што во овој период Византија била територијално сведена единствено на областа Тракија по освојувачките походи на Самуиловата војска на запад, како и со офанзивните продори на Варда Фока на исток. Меѓутоа, историската реконструкција заснована на расположливите изворни сведоштва покажува дека воените дејства за време на граѓанската војна помеѓу Василиј II и Варда Фока воопшто не го засегнале географскиот простор на Тракија, бидејќи биле фокусирани на просторот на Мала Азија и на островот Абидос. Оттаму, се поставува прашањето зошто Геометар би им се обратил на „Тракијците“ доколку го немал предвид токму географскиот простор на Тракија? Ова особено што, како што покажуваат и другите поеми со историски карактер, тој секогаш

коментар на преводот на Геометар. Види: Б. Ферјанчић, *Византијски извори за историју народа Југославије,* III (Београд, 1966), 28-29.

[15] С. Пириватрић, *Самуилова држава.* Обим и карактер (Београд, 1997), 166-167. Споменатиот автор, поистоветувајќи го етнонимот *Тракијци* со *Бугари*, истовремено ја забележува нелогичноста околу тоа на каква узурпација на царските обележја всушност алудира Геометар, имајќи предвид дека Борис II бил признат од Византија за цар во 969 година. Отфрлајќи ја можноста дека станува збор за евентуалното Самуилово крунисување за цар околу 997 година, Пириватриќ ја изнесува претпоставката дека Геометар во поемата всушност го изразил своето жалење поради губењето на царските инсигнии на Василиј II, кои биле запленети од Самуиловата војска при битката кај Трајановата порта во 986 година.

[16] Lauxtermann, „John Geometres – Poet and Soldier“, 372-373. Тој смета дека поемата е составена во 996-997 година единствено врз основа на поврзувањето на Геометровото негодување за дрскоста на Бугарите демонстрирана преку носењето царски инсигнии со царската титула на Самуил, кого погрешно го идентификува со Симеон. Истото гледиште, кое ја вклучува и погрешната идентификација на царот, го презема Ван Опстал. Види: Emilie Marlène van Opstall, *Jean Géomètre*, 14.

претендирал настаните да ги стави во конкретен географски простор, одразувајќи го на тој начин своето воено професионално искуство.

Имајќи ја предвид ваквата тенденција на Геометар, историскиот контекст на поемата подобро се вклопува во проектирањето на состојбите во 970 година, кога областа Тракија станала главен театар на воените операции, во кои како непријатели учествувале подеднакво Русите, Бугарите и Печенезите. Во вакви услови на комплексни воени прегрупирања, не се исклучува можноста дел од византиската тематска војска во Тракија да се приклонила кон Русите, што би го објаснило експресното преминување на непријателските војски низ територијата на Тракија сè до ѕидините на Аркадиопол.[17] Од сведоштвото на Лав Ѓакон јасно се гледа дека Русите во овој период ги загрозиле и „Македонците“.[18] Со оглед на тоа дека во конкретниот случај на Лав Ѓакон, со „Македонците“ се означувала, всушност, темата Македонија, географски лоцирана во источна Тракија, што го констатира и Скилица,[19] се потврдува и географскиот контекст на Геометар. Уште повеќе, Лав Ѓакон имплицира дека дел од тематските единици застанале на страната на Варда Фока во граѓанската војна откако биле привлечени од неговиот татко Лав *kouropalates,* кој бил прогонет на Абидос поради тоа што бил наклонет кон императорот Никифор.[20]

Тоа нè враќа кон клучниот проблем: кого, всушност, имал предвид Јован Геометар кога им се обратил на „Тракијците“? Од дешифрирањето на овој сегмент од поемата, всушност, зависи и реконструирањето на целосниот историски контекст. Компаративната анализа покажува дека Геометар во никој случај не претендирал да им се обрати на непријателите-„Бугари“, со оглед на тоа дека тој во своите поеми доследно им се обраќал на своите „Византијци“, што ги вклучува императорите и естаблишментот во Константинопол, дури и кога суптилно ги критикува. За еден воин каков што бил Геометар, тешко дека би можело да се очекува својот поетски израз да го сведе на свое директно обраќање кон непријателите. Исклучувањето на можноста Јован Геометар во конкретниот случај да им се обратил на „Бугарите“, дополнително го усложнува декодирањето на поемата во согласност со постојните интерпретации на модерните истражувачи.

[17] За битката кај Аркадиопол, види кај: *Leo the Deacon*, VI. 8 (ed. Talbot, Sullivan, 153, 155–161); *Ioannis Srylitzes Synopsis Historiarum*, ed. J. Thurn, CFHB 5 (Berlin, New York, 1973), XV.5-6 (ed. Thurn), 288-291.
[18] Leo the Deacon, *History*, VII. 9 (ed. Talbot, Salivan), 173-174.
[19] Skylitzes, *Synopsis Historiarum*, XV.5-6 (ed. Thurn), 288-291.
[20] Leo the Deacon, *History*, VII. 1 (ed. Talbot, Salivan), 129.

Доколку „Тракијците“ за Геометар биле Византијците, што несомнено и биле, како би можеле да бидат во сојуз против „пријателите“? Тоа нѐ води кон дилемата кои би биле, всушност, „пријателите“ на кои алудира Геометар. А. Поп е единствениот од истражувачите кој ја забележал ваквата нелогичност. Тој се обидува да разјасни дека зборувајќи за придобивање на сојузниците против Скитите, Геометар упатува на војната во периодот 969–971 година, додека „пријателите“ би кореспондирале со „Грците, Ерменците и Иверијците“. Неговата интерпретација е дека Русите биле повикани на помош против Тракијците, односно „пријателите“, за време на граѓанската војна во периодот 986–989 година, што би ги задоволило само Бугарите, бидејќи ќе можат да посегнат без страв кон царските ознаки.[21]

Доколку Геометар сакал да алудира на граѓанските војни во кои се судриле „пријателите“, како што смета А. Поп, се поставува прашањето зошто би го употребил терминот *Тракијци*, а не самиот град Константинопол, со што многу посоодветно би ја рефлектирал непосредната загрозеност на престолнината, како што го направил тоа во другите поеми? Ако кон тоа се додаде и константната тенденција кај Геометар за конкретно географско дефинирање на настаните, станува извесно дека со терминот *Тракијци* тој упатувал и на географскиот фокус на судирите, како што го правел тоа и во другите поеми со воена проблематика. Геометар, кој во тоа време заземал висока воена функција, секако бил детаљно запознат со воените прилики, од што произлегува и акцентирањето на географскиот фокус во областа Тракија. Во таа смисла, многу пореално е дека Геометар со споменувањето на Тракијците, ги имал предвид византиските тематски војски во Тракија.

Ваквата интерпретација би го овозможило и декодирањето на преостанатиот дел од поемата, каде што Геометар упатува на дрскоста на „бугарското племе“ со носењето на царските инсигнии. Евидентно е дека во конкретниот случај Геометар претендирал да го акцентира пркосот на „бугарското племе“ во однос на Византија. Пркосењето не подразбира узупрација, што е традиционалното истражувачко гледиште кое произегува од погрешната интерпретација дека Геометар во овој дел од поемата алудирал на Самуиловата демонстрација на моќ со царската титула. Во текстот, всушност, воопшто не се упатува на некаква узурпација. Единственото што е содржано во поемата е изразот на револт кај Геометар во контекст на покажувањето на царските инсигнии од страна на „бугарското племе“. Во согласност со

[21] Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus'“, 215.

идеолошкиот концепт на Византија, кој несомнено го споделувал Геометар како нејзин долгогодишен експонент, признавањето на царската титула можела да произлезе единствено од Константинопол. Ваквата идеолошка перспектива на Геометар може да се однесува на историскиот контекст со претпоставениот чин на признавањето на царската титула на Борис II од Свјатослав. Оттаму, многу пореално е пркосот на „бугарското племе“, кој сликовито го демонстрирал Геометар, да се доведе во историскиот контекст на настаните во 970 година, кога по воспоставувањето на руската доминација и освојувањето на бугарската престолинана, Русите му дозволиле на Борис II да ја користи својата титула. Тоа, впрочем, го акцентираат Лав Ѓакон и Јован Скилица, кои јасно укажуваат на фактот дека дел од бугарските аристократски кругови ја поддржале воената агенда на Свјатослав, учествувајќи со свои војски во освојувачките продори против Византија токму во Тракија.

Секако дека за Византија, демонстрирањето на царските обележја од страна на „бугарското племе“, што произлегувало од веројатното признание добиено од новиот владетел Свјатослав, претставувало нелегитимен чин, кој директно задирал не само во идеолошкиот концепт на Византија туку и во империјалниот престиж во хиерархијата на државите.[22] Оттаму, разбирливо е и потенцирањето на пркосот на „бугарското племе“ од страна на Геометар, кој евидентно бил насочен против Византија. Потврда за тоа е и поделеноста кај истражувачите во однос на самото датирање на оваа поема, која произлегува од нелогичноста во врска со хронолошкото определување на царската титула на Самуил.

Гледано во целина, истражувачите кои го анализирале Геометровиот историски контекст го занемариле клучниот проблем во интерпретацијата на поемата. Зошто Геометар, кој, независно од суптилната реторска форма, не се воздржува од критиките кон Василиј II и неговото опкружување, во конкретниот случај го прави сосема спротивното – го глорифицира претстојниот империјален триумфализам. Имајќи го предвид карактерот на другите поеми и личниот антагонизам на Геометар, во конкретната поема секако не би можело да се алудира на Василиј II, а уште помалку на непријателите Борис II или на рускиот владетел Владимир, што не е исклучено од

[22] За супериорноста на Византија во моделот на хиерархијата на државите, види: G. Ostrogorsky, „The Byzantine emperor and the hierarchical world“, *SEER* 35 (1956), 1-14; P. Stephenson, *Byzantium's Balkan frontier: a political study of the northern Balkans*, 900-1204 (Cambridge: Cambridge University Press, 2000), 33-38.

некои истражувачи.[23] Неможноста празното место во поемата да е наменето на Василиј II повторно нè доведува до хронолошката рамка на составувањето на поемата пред Геометровото разрешување од функцијата, односно на историскиот контекст на настаните поврзани со 970 година. Притоа, логично се наметнува прашањето дали играта на зборови и отсуството на критичкиот тон кон императорот не се должи на затскривањето на сопствената одговорност на Геометар со оглед на неговата тогашна висока служба во византиската армија. Внимателната анализа, меѓутоа, открива нешто друго. Разјаснувањето го овозможува преводот на Мајкл Џефрис на последниот дел од поемата: „cease to make <divisions> among yourselves, and have the courage to bear yourselves as men and to be proud". Со алтернативниот превод поемата го добива логичниот крај – Геометар не им се обраќа на „Бугарите", туку на самите Тракијци, со апел да ги прекинат поделбите помеѓу самите себе.

Погледнато од оваа перспектива, поемата има класичен карактер на директно обраќање на Геометар до своите војници, со забележлива тенденција за подигање на сериозно опаднатиот морал на војската. Дали, можеби, Геометар ја составувал поемата на самото бојно поле, обраќајќи им се директно на своите византиски војници од темата Тракија чијшто морал опаднал поради надоаѓањето на големата војска на Русите, Бугарите и Печенезите? Потврдниот одговор на ова прашање го дава самиот историски контекст, кој лесно може да се извлече од изворните сведоштва со оглед на тоа што Русите предводени од Свјатослав, по победата кај Филипопол без проблем продреле до Аркадијапол. Византиската војска секако не била имуна на дезертерството поттикнато од наближувањето на бројно супериорниот непријател, што довело до сериозни внатрешни поделби. Ваквата можна ретроспекција би можела да го разјасни контекстот на поемата и прекорувачкиот тон на Геометар, кој,

[23] Poppe, „The Political Background to the Baptism of Rus'", 215. Авторот го остава отворено ова прашање, упатувајќи дека тоа би можел да биде бугарскиот владетел кој ја загрозил Тракија, или рускиот владетел Владимир, кој би се сменил од сојузник во непријател, или самиот Василиј II со неговата погубна политика. М. Раев „Бележки км производението на Йоан Геометър Εις τούς Βουγάρους", Проф. д. и. н. Тотю Тотев *и столицата Велики Преслав*, ed. Р. Рашев (София: Български писател, 2006), 180-187. Последниов ја,изнесува хипотеза дека личноста која недостасува во празниот текст е Василиј II, сметајќи дека Геометар всушност ги поттикнува Бугарите да носат царски инсигнии по поразот на Византија во 986 година. Тој дури тврди дека Геометар ги повикува Византијците да ги сопрат поделбите и да склучат сојуз со Бугарите за да се борат против Василиј II. Гледиштето на Раев тешко може да се потврди и да се извлече од контекстот на Геометар.

всушност, бил насочен кон дел од војниците-„Тракијци“, коишто свртувајќи се на страната на Русите и на Бугарите, всушност се свртеле против сопствените „пријатели“, односно колеги од војската, предавајќи ја со тоа самата Империја. Оттаму, сосема е јасно зошто на крајот Геометар апелира да се стави крај на поделбите во самата војска, повикувајќи ги да демонстрираат храброст да се однесуваат како мажи и да бидат горди. Поемата воедно ја одразува и империјалната алузија на географската сопственост, која била загрозена од узурпацијата на византиската територија од непријателите.

Дури и да се примени традиционалниот превод без интерполацијата на Шајдвајлер, би се добил истиот контекст, имајќи предвид дека воинот Геометар не претендирал директно да им се обрати на „Бугарите“. Во тој случај, крајот на поемата, во кој Геометар го акцентира фактот дека императорот ќе ги казни поради „напуштањето на работата“, повторно би претставувал повик кон византиските војници, но насочен кон оние што дезертирале и не биле достојни да ги носат императорските ознаки на Византија. Двосмисленоста, секако, мошне јасно ја разбрале византиските војници и офицери на кои им биле упатени овие завршни зборови. Да сакал некој подобро да ги прикаже во толку кус текст комплексните настани што ја одбележале 970 година, сигурно немало да може да го направи тоа на начин како Геометар. Интелигентниот Геометар несомнено имал намера да ја долови комплексната состојба, интегрирајќи повеќе непријатели во само неколку стиха. Концизноста, секако, ја налагале самиот момент и конкретната намена на поемата, што го потврдува воениот карактер на директното обраќање на Геометар и нејзиното составување на самото бојно поле.

Гледано во целина, поемата претставува класичен повик на еден воен командант упатен кон своите војници, во кој покрај прекорот за дезертерството, се адресира и опаднатиот морал. Геометар, всушност, ги повикува своите колеги-војници од Тракија да стават крај на несогласувањата и да застанат во одбрана на Византија, бидејќи императорот наскоро ќе ги разбие сите дрски надворешни и внатрешни непријатели. Тоа претставува апел на воин до војниците во Тракија да се однесуваат како мажи и да бидат горди, со што евидентно се поттикнувал хероизмот и патриотизмот во одбраната на Империјата. Пораката е јасна – само обединети војниците ќе можат да ги победат непријателите, по што ќе следува триумфот со конечното покорување на Бугарите.

Оттаму станува јасно и обраќањето на Геометар кон „бугарското племе“, коешто, всушност, има преносна смисла, имајќи

предвид дека станува збор за форма на непосредно обраќање кон својата византиска војска со „Тракијци“. Геометар во улога на висок воен функционер преку поемата, всушност, имал намера да ја поттикне храброста на византиските војници, порачувајќи му преку нив на „бугарското племе“, во преносна смисла, дека наскоро византискиот император ќе ги казни надворешните непријатели и внатрешните предавници. Тоа е класично воено обраќање со мотивирачка порака упатено кон византиската војска, а не кон „бугарското племе“. Крајната цел на „Тракијците“, односно на византиската војска ќе биде конечното триумфално покорување на Бугарија, што воедно му дава смисла и на самиот наслов на поемата. Раскажано преку декодираните зборови на Геометар, „тој“, односно императорот Цимиски, моќно ќе го порази „бугарското племе“ и ќе им ги симне царските облеки и инсигнии. Оттаму станува јасно зошто Геометар во поемата не само што не го критикува императорот туку и го навестува неговиот императорски триумф. Тоа можел да го направи само некој што бил сè уште во воена служба и имал директна одговорност за состојбите во 970 година, манифестирајќи го својот револт поради пркосот на „бугарското племе“ коешто се дрзнало да ги прикажат царските инсигнии без дозвола на Византија. Доколку лакуната во текстот се однесувала на Василиј II, Геометар сигурно би применил сосема поинаква реторика. Воедно, фактот што титулата на Самуил и самото негово име биле игнорирани од византиските автори кои биле негови современици, дополнително потврдува дека во поемата Геометар не алудирал на узурпацијата на царската титула од страна на Самуил, туку на пркосот на бугарскиот цар Борис II.

Реторскиот израз во поемата од аспект на глорифицирањето на претстојниот императорски триумф тешко би можел да се очекува од Геометар по 985/6 година. Во овој духовен период неговиот поетски израз во однос на конкретните историски настани е доведен во контекст на критиката кон империјалниот естаблишмент, а обраќањето е сведено на потсетување на настаните во преносна смисла преку проектираниот дијалог со самиот себе. Ваквата конотација во никој случај не е содржана во оваа поема, во која Геометар истапува категорично во својство на класичен високопозициониран воин, ставајќи се во улога на директно инволвиран во воените настани. Подоцна, во манастирската тишина, тој како патриот постојано ќе се потсетува на ваквите подвизи при составувањето на своите поеми, како што бил оној од 970 година, кога тој ја пролевал сопствената крв за спас на Империјата, застанувајќи во првите одбранбени редови заедно со својата војска.

Во поемата *За кометопулот*, во чиишто наслов и содржина Геометар евидентно алудира на Самуил, сосема јасно се предочува историскиот контекст поврзан со појавата и подемот на Самуиловата држава, што било придружено со опаѓањето на воениот престиж на Византија.[24] Во обидот да ја декодираат мислата на Геометар во оваа поема, истражувачите во најголем дел имаат погрешен приод, базирајќи го реконструирањето на историскиот контекст во директна релација со хронологијата на составувањето на самата поема. Постоењето на две хронолошки одредници во поемата, едната поврзана со појавата на кометата, а другата со смртта на Никифор Фока, резултира со различната интепретација на настаните. Истражувачите што ја земаат како точна констатацијата на Геометар за појавата на коме(и)топулот со „залезот", односно со смртта на Никифор Фока, ја доведуваат поемата во историскиот контекст на востанието на комитопулите во 969 или во 976 година. Како потврда за ваквото гледиште се зема подоцнежното сведоштво на Јован Скилица, во кое се упатува на востанието на комитопулите по смртта на царот Петар во јануари 969 година.[25] Споменувањето на кометата, пак, се објаснува со конкретното време на составувањето на поемата во 989 или почетокот на 990 година. Други истражувачи го занемаруваат Геометровото поврзување на појавата на коме(и)топулот со смртта на Никифор Фока. Укажувајќи на несигурноста на овој реторски израз, како посигурна хронолошка детерминанта тие ја посочуваат појавата на Халеевата комета во 989 година, поврзувајќи ја со историскиот контекст кога Самуил се наложил како сериозна опасност за Византија.[26]

---

[24] *Cramer*, *Anecdota Graeca e Codd,* 283.

[25] Дека Геометар го имал предвид востанието на комитопулите во 969 или 970, види кај: B. Prokic, *Die Zusätze in der Handschrift des Johannes Scylitzes* (München, 1906), 12; Антолјак, *Средновековна Македонија,* I, 122-123, 324; Панов, *Македонија низ историјата,* 75-76. Пириватрић, *Самуилова држава*, 57-71. Последниот констатира постоење на движење „отпадништво" на комитопулите во 969 година, кое, според него, сепак немало поголем ефект. За интерпретацијата на поемата во контекст на востанието во 976 година, види кај Ј. Ферлуга во коментарот на преводот на Јован Геометар во *Византиски извори за историју народа Југославије*, 24-25, n. 5-6.

[26] За 989 година како датум на составување на поемата, види: K. Argoe, „John Kyriotes Geomerres, a tenth century Byzantine writer", Ph.D. thesis, University of Wisconsin (Madison, 1938), 140-41; Stephenson, *The Legend*, 17. Стефенсон укажува на употребената сингуларна форма *комитопул*, што, според него, имплицира хронологија по 986 година, кога настапила смртта на Самуиловиот брат Арон. Пириватриќ (*Самуилова држава,* 47-48) се согласува дека поемата била составена во 989 или во почетокот на 990 година. Лакстерман (*Byzantine poetry from Pisides to Geometres,* 235-236), констатирајќи дека Самуил станал закана за империјата по

Доколку се земат предвид личноста и карактерот на Геометар манифестирани преку неговиот реторски израз, станува јасно дека тој и во оваа поема ја задржува тенденцијата на акцентирање на сопственото воено искуство. Во конкретниот случај тој го прави тоа преку проектирање на претходното воено искуство со хронолошкото дефинирање на „залезот“, т.е. смртта на победоносецот Никифор Фока, презентирајќи ја како вовед во несигурниот период на воени неуспеси причинети од појавата и издигнувањето на „кометопулот“ Самуил. Притоа, индикативно е тоа што во конкретната поема воопшто не е споменат триумфот на Цимиски против Бугарија, што тешко може да се објасни со тенденциозното изземање на овој император поради симпатиите на Геометар кон Фока.[27] Историскиот контекст на Геометар може да се разјасни со неговата претстава за Самуил комитопулот, кого тој евидентно го диференцира од ликвидираното бугарско царство. Поради тоа тој и не го довел Самуил во врска со историските настани од 971 година. Секако, во целиот контекст треба да се земе предвид дека во конкретниот период на појавата на кометопулот во 969 година, Геометар бил активно инволвиран во воената служба. Оттаму, Геометар својата поетска мисла, всушност, ја фокусирал на историската паралела помеѓу владеењето на Никифор Фока и она на Василиј II, изземајќи ја на тој начин во извесна смисла сопствената воена одговорност. Поради тоа појавата на новиот непријател – „кометопулот“ Самуил, Геометар прецизно ја поврзува со залезот на Никифор, додека неговиот подем и манифестирањето на воената моќ го асоцира со кометата која се појавила во време на Василиј II.

Како и да е, во случајот со „кометопулот“ повторно се забележува преносниот директен дијалог на Геометар при составувањето на поемата. Овој пат Геометар го прави дијалогот со императорот Никифор Фока. Споменувањето на кометата и на ѕвездите кои судбински ги предодредуваат настаните, што е придружено со повикувањето на душата на Никифор Фока, наполно одговара на манастирскиот период од неговиот живот и акцентирањето на духовната поврзаност со својот омилен патрон. Ваквото декодирање

---

смртта на Цимиски и дека вистинскиот подем го забележал во 986 г. со победата кај Трајановата порта, смета дека поемата не можела да биде составена пред 976 година, а може да настанала најдоцна до 989.

[27] В. Г. Васильевский, „К истории 976—986 годов“, *ЖМНПр* 184 (1876), 116. Овој автор, игнорирајќи ја нелогичноста, укажува дека неспоменувањето на Цимиски се должело на големите симпатии кон Фока, иако притоа ја доведува поемата во контекст на востанието на комитопулите, кое, според него, избувнало по смртта на Цимиски во 976 г.

на Геометровата мисла воопшто не ја доведува во колизија хронологијата на составувањето на поемата по 985/6 година со хронолошкиот опсег на историскиот контекст на опишаните настани кој се протегал од 969 година до самото настанување на поемата. Всушност, Геометар презентирал поголем хронолошки период, проследувајќи ги појавата и подемот на кометопулот Самуил, на што бил и самиот сведок.

Анализата на текстовите на Јован Геометар го наметнува заклучокот дека во контекст на Самуиловата држава, тој доследно ги употребувал термините „Скити" или „Мизи", независно од периодот на составувањето на поемите. Терминолошката употреба на Геометар, всушност, го потврдува генералниот модел на репрезентација кај византиските автори – современици на Самуил, чијашто титула и самото име биле замаскирани со класичните термини или преку асоцијацијата со небесниот феномен *комета* = *кометопул*. Отсуството на титулата на Самуил, кое се забележува и кај подоцнежните византиски автори, несомнено претставува рефлексија на византискиот идеолошки концепт и политичка пропаганда, што може да се забележи и во дел од поемите на Геометар.

Mitko B. Panov

# SAMUEL'S STATE IN THE MILITARY AND SPIRITUAL REPRESENTATION OF JOHN GEOMETRES

*- s u m m a r y -*

The contextual analysis of the work of John Geometres shows that in the context of Samuel's State, he consistently used the term "Scythians" or "Mysians", regardless of the period of the compilation of his poems. The terminology that Geometres used in his poems in describing the events related to Samuel's State confirms that he employed the general model of representation among the Byzantine authors that were contemporaries of Samuel. The title and the name of Samuel, were disguised through classical terms, or through association with the natural phenomena Comet = Kometopul. The absence of title for Samuel, which can be noticed also in the works of the later Byzantine authors, undoubtedly represents a reflection of the Byzantine ideological concept and political propaganda, that influenced the poems of Geometres.